Република Македонија
бр. ____________________
__________ Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог на Закон за задолжување на М-НАВ АД Скопје со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза без државна гаранција, по скратена постапка

Усогласеност со Програмата на Владата: Во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Владата

Доверливост на материјалот: НЕ

Итност на материјалот: ДА

Прилог:
- Образец за фискални импликации и Образец за проценка на влијание на регулативата
- Договорот за заем (на македонски и англиски јазик)

| | | |
|---|---|---|
| Дата на доставување на материјалот:<br><br>Скопје,______.2013 година | | **ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА**<br>**И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**<br>**м-р Зоран Ставрески**<br><br>__________________________ |

Изработил: Наташа Лазаровска/ Андреа Лазаревска
Проверил: м-р Андрија Алексоски/ Кристина Павловска
Одобрил: Дејан Николовски
Согласен: Наташа Стојмановска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на Закон
за задолжување на М-НАВ АД Скопје со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза без државна гаранција, по скратена постапка

__________________________________

м-р Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии

Скопје, __________ 2013 година

Изработил: Наташа Лазаровска/ Андреа Лазаревска
Проверил: м-р Андрија Алексоски/ Кристина Павловска
Одобрил: Дејан Николовски
Согласен: Наташа Стојмановска

ПРЕТСТАВНИЦИ:
Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
Миле Јанакиевски, министер за транспорт и врски
Ардиан Џеладини, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Наташа Стојмановска, државен секретар, Министерство за финансии
Дејан Николовски, раководител на Сектор, Министерство за финансии
Игор Јанушев, раководител на Сектор, Министерство за транспорт и врски

Предлог на Закон
за задолжување на М-НАВ АД Скопје со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза без државна гаранција, по скратена постапка

Скопје, _________ 2013

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. _________
од _________
Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132, 137 и 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за задолжување на М-НАВ АД Скопје со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза, без државна гаранција по скратена постапка што го утврди на седница ______________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии, Миле Јанакиевски, министер за транспорт и врски и Ардиан Џеладини, заменик министер за финансии, а за повереници Наташа Стојмановска, државен секретар, Дејан Николовски, раководител на Сектор во Министерството за финансии и Игор Јанушев, раководител на Сектор во Министерство за транспорт и врски.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Со зголемувањето на воздушниот сообраќај во регионот на Европа од особена важност за сите држави членки на Eurocontrol и давателите на (ANS) услуги на воздухопловна навигација е да се најдат солуции и имплементираат системски решенија и технологии на работа со кои ќе се одговори на предизвиците на очекуваниот зголемен обем на сообраќај при што особено важно е да се обезбеди потребниот капацитет на воздушниот простор, да се задржи и подобри нивото на безбедноста на услугите, да се подобри ефикасноста на услугите при што би се редуцирало зголемувањето на трошоците на авио-компаниите поради доцнења и зголемена потрошувачка на гориво како и да се влијае на заштитата на околината преку намалувањето на емисијата на штетните гасови во атмосферата.

Главна карактеристика на воздушниот сообраќај во Република Македонија е сезонскиот фактор при што бројот на прелети во летните месеци е за три пати поголем од зимските месеци, што е својствено за скоро сите земји од југоисточна Европа за разлика од земјите во средна Европа. Оттука, потребно е навремено да се превземат мерки и имплементираат системски решенија и технологии на работа кои ќе го овозможат потребното долгорочно екипирање на системот за воздухопловна навигација за да може ефикасно да се справи со предвиденото зголемување на сообраќајот од страна на Еуроконтрол, по нормализирање на состојбите во Грција, а пред се по отварањето на воздушниот простор на Косово за прелети кое се очекува во 2014 година (најмалку 20%). Имплементацијата на мерките би се реализирале преку зголемување на капацитетите на обласната контрола на летање со што би се создале услови за опслужување на поголем број на летови во воздухопловно информативниот регион Скопје во единица време и на дневно и на годишно ниво.

Република Македонија од 1998 година е членка на Европската организација за безбедност на воздухопловната навигација – Eurocontrol, а исто така во 2006 година ја потпиша и ратификува Мултилатералната спогодба за основање Европска заедничка воздухопловна област – European Common Aviation Area. Од овие причини, потребно е М-НАВ АД Скопје континуирано да инвестира во воздухопловната навигација со што ќе придонесе за усогласеност со стандардите на ЕУ и навремено да ги имплементира стандардите и функционалностите кои се предвидени во Европскиот план за имплементирање на единственото Европско небо - European Single Sky Implementation Plan (ESSIP) и Local Single Sky Implementation Plan - LSSIP на Република Македонија,

АТМ системот, радарите, системите за комуникација и метеоролошките системи кои ги користи М-НАВ АД Скопје, се со лимитиран кориснички век и системски можности за потребните функционални надградби. Најголемиот број на системи се во употреба повеќе од десет години и не поседуваат капацитети за имплементација на функционалности согласно стандардите на ESSIP кои се идентификувани како потреби

за подобрување на нивото на безбедност и ефикасност на услугите за воздухопловна навигација.

Со инсталирањето на нов АТМ Систем ќе се овозможи имплементација на потребните функционалности, а истовремено сегашниот АТМ систем ќе биде користен како бекап во случај на испад. Инсталацијата на новите радари и надградба на постоечките со најнова Mode S технологија ќе овозможи имплементација на најнапредна радарска технологија во системите на М-НАВ АД, а ставањето во употреба на новите системи за комуникација исто така ќе овозможи имплементација на долгорочно современо квалитетно техничко решение за овој сервис од услугите за воздухопловна навигација. Со сите овие проекти ќе се зголеми ефикасноста и ќе се овозможи континуитет во непреченото давање на АТМ услуги во воздухопловно информативниот регион Скопје. Ќе се овозможат потребните услови за безбедно и ефикасно справување со зголемениот обем на сообраќај а со тоа ќе се зголеми и атрактивноста на воздушниот простор на Република Македонија. Зголемувањето на сообраќајот ќе значи и дополнителни приходи за М-НАВ АД Скопје. Преку подобрувањето на ефикасноста се овозможува и намалување на загадувањето на животната средина од емисијата на штетните гасови од воздушниот сообраќај, оптимизација на протокот на сообраќајот, скратување на траекторијата на прелетите и до 5%, намалување на временските загуби, времето на патување, преку подобрено следење на воздушниот сообраќајот во реално време и контрола на воздушниот сообраќај, како и дополнително подобрување на имиџот на компанијата како модерен европски центар за давање на услуги во воздушната пловидба.

Проектот во износ од 11.150.000 евра се состои од следните компоненти:

1. Набавка, инсталирање и тестирање на нов АТМ Систем, вклучувајќи техничко оперативна сала за истиот

Суштината на АТМ Системот е контрола на воздушниот сообраќај. Компонентата вклучува инсталирање и пуштање во употреба на нов АТМ систем во Обласниот центар за контрола на воздушниот простор (ACC) Скопје и вклучува техничка оперативна просторија.

2. Набавка, инсталирање и тестирање на систем за говорна комуникација

Постоењето на ваков систем е суштински кога се работи за контрола на воздушниот сообраќај. Системот овозможува комуникација меѓу контролори во Скопје ACC, комуникација со соседните АТС единици преку изнајмени линии и комуникација со авион преку микробранова радио врската и радио систем. Системот се состои од дигитални основни, различни типови на интерфејси (радио, MFC, Телефон, ISDN, VoIP) и оператор позиции (екран на допир и аудио панел), далечински мониторинг и систем за контрола (RCMS).

3. Набавка, инсталирање и тестирање на радио опрема за комуникација

Инсталација на VHF радија (предаватели и приемници), филтри, антена систем, далечински управувач и мониторинг систем.

4. Набавка, инсталирање и тестирање на нов дигитален систем за снимање на говор

Новиот систем ќе биде компјутерски базиран со голем број на интерфејс картички (аналоген глас или дигитални IP) и модул за архивирање (хард диск и/или DVD или друг медиум). RMCS е дел од системот. Новиот систем ќе биде компатибилен со најновата VCS и VHF радио технологија што ќе придонесе за подобрување на квалитетот на снимените податоци.

5. Набавка, инсталирање и тестирање на опрема за радарско набљудување во Скопје

Зајакнување на надзорната инфраструктура преку набавка, инсталација и пуштање во употреба на нов радар, како и зајакнување на надзорната инфраструктура преку надградба на постојниот радар инсталиран во Скопје.

6. Набавка, инсталирање и тестирање на опрема за радарско набљудување во Охрид

Зајакнување на надзорната инфраструктура преку набавка, инсталација и пуштање во употреба на нов радар, како и зајакнување на надзорната инфраструктура преку надградба на постојниот радар инсталиран во Охрид.

7. Набавка на метео опрема за аеродромите во Скопје и Охрид.

Набавка, инсталација и тестирање на системите за опсервација на времето на Скопскиот и Охридскиот аеродром.

Преговорите со претставниците на ЕБОР за склучување на Договорот за заем за Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза кој треба да се склучи меѓу М - НАВ АД Скопје и ЕБОР успешно заврши во Скопје на 13.06.2013 година.

Овој проект ќе се реализира со средства од заем од ЕБОР за кои Република Македонија нема да издаде државна гаранција. Правата и обврските на М-НАВ АД Скопје се дефинирани во Договорот за заем кој ќе биде потпишан од страна М-НАВ АД Скопје.

Датумот на затварање на проектот е 3 години од датумот на потпишување на Договорот за заем.

Услов за склучување на Договорот за заем е донесување на Законот за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08 и 35/2011).

Оттука, Владата на Република Македонија изготви Предлог на Закон за задолжување на М-НАВ АД Скопје со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора

фаза без државна гаранција, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

Согласно член 16 став 5 од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08 и 35/2011), М-НАВ АД Скопје може да го склучи договорот за заем со Европската банка за обнова и развој по донесување Закон за задолжување на М-НАВ АД Скопје со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза без државна гаранција.

II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Со реализација на проектот првенствено се очекува:

- Зголемување на капацитетот на летови на годишно ниво во воздухопловно информативниот регион Скопје од 130.000 (база 2008 година) на 500.000 летови во 2028 година;
- Зголемување на капацитетот на дневни летови од 600 (база 2008 година) на 2500 летови во 2028 година;
- Генерирање зголемени приходи со оглед на фактот дека единечниот трошок за прелети на нашата територија се очекува да се намали од 0.58 еур/км. во 2008 година до 0.3 еур/км. во 2028 година;
- Автоматизирање на дел од АТМ процесите и намалување на трошоците со редуцирање на потребата од човечки ресурси;
- Користење на сегашниот АТМ систем како бекап во случај на испад, а со тоа се зголемува достапноста на непреченото давање на АТМ услуга  зголемувајќи ја атрактивноста на воздушниот простор на Република Македонија, а со тоа и зголемен сообраќај и приходи за М-НАВ АД Скопје;
- Намалување на загадувањето на животната средина од емисја на штетните гасови од воздушниот сообраќајот;
- Оптимизација на текот на сообраќајот, а со тоа скратување на траекторијата на прелет и до 5%;
- Намалување на временските загуби, времето на патување, преку подобрено следење на воздушниот сообраќајот во реално време и контрола на воздушниот сообраќајот;
- Дополнително подобрување на имиџот на компанијата како модерен европски центар за давање на услуги во воздушната пловидба.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој Предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза.

Оттука, М-НАВ АД Скопје и ЕБОР ќе склучат Договор за заем наменет за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза во износ од  11.150.000 евра.

III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупниот износ на заемот е 11.150.000 евра и истиот ќе се отплаќа од страна на М-НАВ АД Скопје.

М-НАВ АД Скопје ќе учествува и со сопствени средства во износ од 5 милиони евра кои ќе бидат наменети за ДДВ и за непредвидени трошоци кои би можеле да се појават во текот на реализација на проектот.

Исто така, за потребите на проектот ЕБОР ќе обезбеди грант за техничка соработка во вкупен износ до 600.000 евра.

Заемот ќе биде доделен на М-НАВ АД Скопје под следните услови:

Рок на отплата од 12 години со вклучен грејс период од 3 години. Заемот ќе се отплаќа девет години на секој 15-ти март, 15-ти јуни, 15-ти септември, 15-ти декември. Отплатата почнува три години по денот на потпишување на Договорот за заем.

Каматната стапка е еднаква на тримесечен ЕУРИБОР зголемен за 3,75 % на годишно ниво.

Еднократна провизија - М-НАВ АД Скопје ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во износ од 1,25% од износот на заемот.

Провизија за неповлечени средства- За износот на неповлечените средства од заемот на Европската банка за обнова и развој ќе и се плаќа провизија на годишно ниво во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот.

Казнена камата- Доколку не се платат обврските во предвидените рокови согласно Договорот за заем, М-НАВ АД Скопје ќе плаќа казнена камата во висина на годишната каматна стапка зголемена за 2% годишно.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА М-НАВ АД СКОПЈЕ СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ ЗА НАДГРАДБА НА МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА

ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА- ВТОРА ФАЗА БЕЗ ИЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВНА ГАРАНЦИЈА

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за задолжување на М-НАВ АД Скопје со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза без државна гаранција, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на
Закон за задолжување на М-НАВ АД Скопје со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза без државна гаранција

Член 1

М-НАВ АД Скопје се задолжува кај Европската банка за обнова и развој со заем во износ од 11.150.000 евра, наменет за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза, кој ќе се склучи помеѓу М-НАВ АД Скопје и Европската банка за обнова и развој.

Во име на М-НАВ АД Скопје, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише Управниот Одбор на М-НАВ АД Скопје.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 12 години, со вклучен грејс период од три години.

Каматната стапка е еднаква на тримесечен ЕУРИБОР зголемен за 3,75 % на годишно ниво.

Заемот ќе се отплаќа девет години на секој 15-ти март, 15-ти јуни, 15-ти септември и 15-ти декември. Отплатата почнува три години по денот на потпишување на Договорот за заем од член 2 став 1 од овој закон.

М-НАВ АД Скопје и плаќа на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1,25% од износот на заемот.

За износот на неповлечените средства од заемот од член 1 од овој закон, на Европската банка за обнова и развој се плаќа провизија на годишно ниво во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот.

На обврските поврзани со заемот од член 1 од овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови, ќе се плаќа казнена камата во висина на годишната каматна стапка од став 2 на овој член, зголемена за 2% на годишно ниво.

Член 4

М-НАВ АД Скопје заемот од член 1 на овој закон, ќе го отплаќа од сопствени средства.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Проектот, односно заемот ќе се реализира во следните компоненти и тоа:

1. Набавка, инсталирање и тестирање на нов АТМ Систем, вклучувајќи техничко оперативна сала за истиот;
2. Набавка, инсталирање и тестирање на систем за говорна комуникација;
3. Набавка, инсталирање и тестирање на радио опрема за комуникација;
4. Набавка, инсталирање и тестирање на нов дигитален систем за снимање на говор;
5. Набавка, инсталирање и тестирање на опрема за радарско набљудување во Скопје;
6. Набавка, инсталирање и тестирање на опрема за радарско набљудување во Охрид;
7. Набавка на метео опрема за аеродромите во Скопје и Охрид.

Дел од потребните средства за реализација на овој проект во износ од 11.150.000 евра ќе бидат обезбедени преку заем од ЕБОР. За таа цел, ќе се склучи Договор за заем меѓу М-НАВ АД Скопје и ЕБОР по Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза без државна гаранција.

Услов за склучување на Договорот за заем е донесување на закон за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем, утврдена во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија"бр. 62/05, 88/08 и 35/2011).

Согласно член 16 став 5 од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 88/08 и 35/2011), М-НАВ АД Скопје може да го склучи договорот за заем со Европската банка за обнова и развој по донесување на Законот за задолжување на М-НАВ АД кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза без државна гаранција.

Заемот во износ од 11.150.000 евра ќе му биде доделен на М-НАВ АД Скопје. М-НАВ АД Скопје ќе учествува и со сопствени средства во износ од 5.000.000 евра кои ќе бидат наменети за ДДВ и за непредвидени трошоци кои би можеле да се појават во текот на реализација на проектот. Исто така, за потребите на проектот ЕБОР обезбеди и техничка помош во вкупен износ од 600.000 евра.

Заемот ќе се отплаќа од страна на М-НАВ АД Скопје.

Заемот ќе биде доделен на М-НАВ АД Скопје под следните услови:

Рок на отплата од 12 години со вклучен грејс период од 3 години. Заемот ќе се отплаќа девет години на секој 15-ти март, 15-ти јуни, 15-ти септември, 15-ти декември. Отплатата почнува три години по денот на потпишување на Договорот за заем.

Каматната стапка е еднаква на тримесечен ЕУРИБОР зголемен за 3,75 % на годишно ниво.

Еднократна провизија - М-НАВ АД Скопје ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во износ од 1,25% од износот на заемот.

Провизија за неповлечени средства - За износот на неповлечените средства од заемот на Европската банка за обнова и развој ќе и се плаќа провизија на годишно ниво во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот.

Казнена камата - Доколку не се платат обврските во предвидените рокови согласно Договорот за заем, М-НАВ АД Скопје ќе плаќа казнена камата во висина на годишната каматна стапка зголемена за 2% годишно.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем со цел обезбедување на средства и отпочнувањето на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза без државна гаранција овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Од реализација на овој проект најголемите ефекти се гледаат во:

- Зголемување на капацитетот на дневни летови од 600 (база 2008 година) на 2500 летови во 2028 година;
- Зголемување на капацитетот на летови на годишно ниво во воздухопловно информативниот регион Скопје од 130.000 (база 2008 година) на 500.000 летови во 2028 година
- Генерирање зголемени приходи со оглед на фактот дека единечниот трошок за прелети на нашата територија се очекува да се намали од 0.58 еур/км. во 2008 година до 0.3 еур/км. во 2028 година;
- Автоматизирање на дел од АТМ процесите и намалување на трошоците со редуцирање на потребата од човечки ресурси;
- Користење на сегашниот АТМ систем како бекап во случај на испад, а со тоа се

зголемува достапноста на непреченото давање на АТМ услуга зголемувајќи ја атрактивноста на воздушниот простор на Република Македонија, а со тоа и зголемен сообраќај и приходи за М-НАВ АД Скопје;

- Намалување на загадувањето на животната средина од емисијата на штетни гасови од воздушниот сообраќајот;
- Оптимизација на текот на сообраќајот, а со тоа скратување на траекторијата на прелет и до 5%;
- Намалување на временските загуби, времињата на патување, преку подобрено следење на воздушниот сообраќајот во реално време и адаптивно управување и контрола на воздушниот сообраќајот;
- Дополнително подобрување на имиџот на компанијата како модерен европски центар за давање на услуги во воздушната пловидба.

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за задолжување на М-НАВ АД Скопје со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза без државна гаранција, по скратена постапка | 2. Министерство / орган на државна управа :<br>Министерство за финансии |
| 3. Цел на предлогот:<br>Обезбедување на средства за финансирање на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза. | 4. Вид на предлог:<br>Предлог на Закон за задолжување на М-НАВ АД Скопје со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза без државна гаранција, по скратена постапка |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Дејан Николовски, раководител на сектор | 6. Контакт тел./ факс или е-пошта:<br>тел: 3106-381<br>dejan.nikolovski@finance.gov.mk |

7. Активност:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | ( X ) Нова програма<br><br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето / предложената активност:

Со донесувањето на Законот за задолжување може да се пристапи кон склучување на Договорот за заем меѓу Европската банка за обнова и развој и М-НАВ АД Скопје со што се обезбедуваат потребните средства во износ од 11.150.000 евра за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација - втора фаза.

10. Врска со владината програма

| 11. Фискални импликации: | (во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
| •А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| •Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| •В. Промена (разлика) од одобрените средства (А–Б)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| •Г. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| •Д. Нето имликации на средствата на органот (В–Г)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ. Зголемување / намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| •Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: заем од Европската банка за обнова и развој | | | 0 | 0 |
| 12. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | |
|---|---|
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Е) | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | |
| 15. Дата на завршување на проценката | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18.Измени побарани од Министерството за финансии: | |
| 19.Одговор на министерството-предлагач: | |
| 20.Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21.Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22.Одобрено/ Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ________________________ | ______________ | ______________ | ______________ |
| потпис на државен секретар или директор на орган | ден /месец / год. | потпис на министер | ден / месец / год |

Изработил: Наташа Лазаровска/ Андреа Лазаревска
Проверил: м-р Андрија Алексоски/ Кристина Павловска
Одобрил: Дејан Николовски